РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

Општина Петровец
Управни и административни органи и тела
Бр. 09-796/3
06.06.2023 год.
ПЕТРОВЕЦ

Градоначалникот на Општина Петровец, решавајќи по барањето на **Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје,** во Општина Петровец поднесено под арх. бр. 09-796 од 03.2023, за одобрување на Проектна програма за УП вон опфат, врз основа на член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20), го издава следното:

## РЕШЕНИЕ

Се одобрува **Проектна програма за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН со намена Г5.1 Одгледување на животни: штали за ситни грла,крупни грла,перната живина,специјализирани штали за молзење и слично, на КП 808 и дел од КП 817, Ко Огњанци, Општина Петровец,** иницирана од Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот **Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје**, поднесе барање за одобрување на **Проектна програма за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН со намена Г5.1 Одгледување на животни: штали за ситни грла,крупни грла,перната живина,специјализирани штали за молзење и слично, на КП 808 и дел од КП 817, Ко Огњанци, Општина Петровец,** со технички број 127/22-У од 03.2023 год.

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Предлог Проектна програма (pdf)
2. Услови за планирање на просторот со тех бр. Y67922
3. Решение за услови за планирање на просторот
4. Ажурирана геодетска подлога (dwg)
5. Имотни листови

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Петровец со Решение бр. 08-865/1 од 10.04.2023 година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Проектната програма за изработка на Урбанистичкиот проект со тех.бр. 127/22-У може да се одобри. Истото го потврди со мислење од комисија со бр. 09-796/2 од 05.06.2023 година.

Градоначалникот на општината Петровец по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање

(Сл.Весник на РСМ бр.32/20). Врз основа на тоа, а согласно член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова Решение,барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобранието до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

---

**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**Градоначалник**
**Борче Митевски**